совет за етика во
медиумите на македонија

08.07.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Транспаренси Интернешнел Македонија за текстот "Холандија поддржува, Тасева бара амнестија за Заев и Верушевски", објавен на 01.06.2015 година во електронското издание на Дневник и на 02.06.2015 година во печатеното издание на дневниот весник Дневник и за текстот "Кампањата за свиркачи не е за Заев", објавен на 02.06.2015 година во електронското и на 03.06.2015 година во печатеното издание на весникот Дневник.**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 3 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно"*

Член 3.

*"Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демантии и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата"*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот"*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 03.06.2015 година, Транспаренси Интернешнел Македонија поднесе жалба за текстот “Холандија поддржува, Тасева бара амнестија за Заев и Верушевски”, објавен на 01.06.2015 година во електронското издание на Дневник и на 02.06.2015 година во печатеното издание на дневниот весник Дневник и за текстот “Кампањата за свиркачи не е за Заев”, објавен на 02.06.2015 година во електронското и на 03.06.2015 година во печатеното издание на весникот Дневник. Во жалбата се наведува дека во првиот текст известувањето не е точно и не е фер, а во вториот е објавен нецелосен демант.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Дневник со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Дневник не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 06.07.2015 година, во согласност со член 10 од Деловникот на Комисијата за жалби, членот Теофил Блажевски беше изземен од расправата и одлучувањето поради судир на интереси бидејќи е ангажиран во Транспаренси Интернешнел Македонија, се со цел да се обедбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Транспаренси Интернешнел Македонија и направи увид во наведените текстови. Во текстот “Холандија поддржува, Тасева бара амнестија за Заев и Верушевски” е наведено - “Дали со новата кампања на оваа организација, која често работи проекти со пари на македонскиот “Сорос”, но за овој проект добива поддршка од холандска амбасада во Скопје, треба да се обезбеди заштита за Заев, Верушевски и за другите од еден од најкрумните случаи во моментов?”.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстовите е ОСНОВАНА.

***

Комисијата на седницата го анализираше јавниот интерес поради кој е создаден текстот, жанрот, насловот, фактите , мислењата и тезите во него, како и постапувањето на медиумот во однос на собирањето и обработката на информациите.

Насловот на текстот е : **"Холандија поддржува, Тасева бара амнестија за Заев и Верушевски?"** Веднаш под фотографијата од билбордот на кој се гледа кампањата " За заштита на пријавувачите" авторите наведуваат: **" Дали невладината организација " Транспаренси Интернешнел Македонија " ,која ја води Слаѓана Тасева , покренува кампања за да обезбеди законска заштита на обвинетите за "Пуч" за незаконско прибавување и објавување прислушувани материјали? Дали со новата кампања на оваа организација, која често работи со пари на македонскиот "Сорос", но за овој проект добива поддршка од холандската амбасада во Скопје треба да се обезбеди заштита за Заев, Верушевски и за другите од еден од најкрупните случаи во моментов? "**

Понатаму во тексот авторите наведуваат: **"И самиот Заев во неколку наврати побара правна заштита, бидејќи со објавувањето на бомбите се доживува како "свиркач" од типот на познатите Едвард Сноуден и Џулијан Асанж, независно што материјалите ги објавува според негова лична процена ,а не интегрално "**

Комисијата најде дека јавниот интерес за текстот не е спорен бидејќи е јавна работата на невладините организации, но дека авторите не прават разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, со што е тешко да се утврди жанрот на текстот, а уште е потешко да се утврдат фактите , тврдењата и мислењата.

Со ваква структура на текстот се добива искривена и погрешна слика за вистината.

Иако авторите на почетокот на текстот тезите кои ги разработуваат ги поставуваат во прашална форма, видно од самата прашална реченица: “**Дали со новата кампања на оваа организација, која често работи со пари на македонскиот “Сорос”, но за овој проект добива поддршка од холандската амбасада во Скопје треба да се обезбеди заштита за Заев, Верушевски и за другите од еден од најкрупните случаи во моментов?”** уфрлаат свои тврдења во реченицата , а кои ги оспорува жалитетелот како невистинити бидејќи како што наведуваат никогаш не работеле со пари на фондацијата Сорос.

Видно од реченицата : **“И самиот Заев во неколку наврати побара правна заштита, бидејќи со објавувањето на бомбите се доживува како “свиркач” од типот на познатите Едвард Сноуден и Џулијан Асанж, независно што материјалите ги објавува според негова лична процена ,а не интегрално ” ,** а во контекст со претходно напишаното, авторите ја поврзуваат кампањата на “Транспаренси Интернешнел Македонија” со правна заштита на Претседателот на СДСМ-Зоран Заев и ја доведуваат во политичка конотација.
Авторите не нудат никаков доказ ниту тврдење и останува непознаница за читателот за тоа како може кампања со билборди, за заштита на соработниците на правдата, да дава правна заштита за осомничен или обвинет , иако се знае дека во кривична судска постапка правна заштита може да даваат единствено адвокати со положен правосуден испит. На овој начин се создава дефетистичка слика кај читателот, особено кај оние што не го познаваат правото, дека правен инструмент за одбрана на осомничен или обвинет е и јавната кампања.

Во однос на демантот кој до весникот Дневник го испратиле Транспаренси Интернешнел Македонија, Комисијата увиде дека од демантот е објавен многу мал дел, а дека поголемиот дел од него е полемика на редакцијата со Транспаренси Интернешнел Македонија . На овој начин пред читателите, жалителот е ставен во понеповолна положба во однос на авторите,

особено ако се знае дека , стандард во новинарството е ставовите на редакциите или авторите да се објавуваат одвоено од демантот, а должината на деманот треба да е со еднаква должина како и оспорената содржина, во овој случај текст во дневен весник.

***

Поради ова Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на три члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 1, 3 и 13.

Комисијата за жалби најде дека во текстот "Холандија поддржува, Тасева бара амнестија за Заев и Верушевски", објавен на 01.06.2015 година во електронското издание на Дневник и на 02.06.2015 година во печатеното издание на дневниот весник Дневник, прекршен е член 1 од Кодексот на новинари, во контекст на тоа дека новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, па затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора,.

Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледувања на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став, а потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на прилогот. Ова особено во случаи

кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека со текстот прекршен е член 3 кој гласи дека новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. Оние кои биле предмет на напад или критика мора да имаат можност да одговорат пред прилогот да биде објавен , а доколку тоа не е случај и одгворот дојде по објавувањето, тој треба да биде во разумна должина во релација со темата и во пристојна форма. Одговорите не треба да бидат проследени со полемичен редакциски коментар.

Комисијата понатаму најде дека е прекршен и член 13 од Кодексот каде се вели дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири и Мери Јордановска.

**Се обврзува Дневник во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски